PERSONALIA



**СЕ ПЕНЗИОНИРА ПРОФ. Д-Р НАДА ЦВЕТКОВИЌ**

*На 15 12. 1990 година се пензионира проф. д-р Нада Цветковиќ, др сци, по свое барање. Нејзиното предвремено заминување од Стоматолошкиот факултет и од Стоматолошките клиники беше примено со големо жалење од вработените, особено од нејзините колеги и студентите кои беа свесни дека остануваат без еминентен наставник, одличен педагог и познат специјалист по специјалноста болести на устата, забите и пародонтот.*

*Проф. д-р Нада Цветковиќ е родена во 1934 г. Гимназија завршила во Суботица а Стоматолошки факултет во Белград, во 1960 година. За асистент по предметот дентална патологија и терапија е избрана во 1963 г. и реизбирана уште четири пати. Во почетокот на 1973 г. станала специјалист по болести на устата, забите и пародонтот, а во 1979 година се здобила со звањето примариус. Била шеф на Отсекот за ендодонција. Докторската дисертација под наслов: "функционална процена на забната пулпа при некои патолошки состојби согледана преку ензимската активност на нејзините ензими" ја одбрани на Стоматолошкиот факултет во Белград во 1981 година. 1982 била избрана во звањето доцент по предметот дентална патологија и терапија, а во 1988 година во звањето вонреден професор, по истиот предмет.*

*Проф. Цветковиќ била вклучена како член на разни комисии на Наставно-научниот совет на Факултетот и била член на Редакцискиот одбор на списанието Македонски стоматолошки преглед.*

*За својата активност и особено за својот придонес во развојот на Клиниката за дентална патологија и терапија била одликувана со Орден на трудот со сребрен венец.*

*Тешко е во детал да се изнесе наставниот, научниот и стручниот опус на проф. д-р Нада Цветковиќ, затоа што тој е поливалентен и високо професионален. Наставните и педагошките квалитети на проф. Цветковиќ се познати на нејзините поранешни и сегашни студенти. Нејзиниот успех во таа област не е само резултат на добра подготвеност и осмислена методичност, туку и плод на љубовта кон младите и желба што подобро да се оспособат за својот иден позив. Воспоставувајќи близок контакт со студентите, таа се обидуваше да им помогне во разрешувањето и на личните проблеми, да ги посоветува, конструктивно да ја насочи нивната енергија, да ја смири нивната младешка експлозивност. Станувајќи пријател на своите ученици, проф. Цветлковиќ само го потврди своето реноме на голем учител.*

*Научната дејност на Клиниката за дентална патологија и терапија е непосредно врзана со ангажирањето на проф. Цветковиќ. Таа беше идеен творец на повеќе научни и стручни трудови, реализатор на нов концепциски приод во третманот на одредена проблематика и двигател на потенцијалниот капацитет на помошнонаставниот кадар. Автор е на 50 труда, со содржини што се користат како материјал за дополнување на постдипломското образование на колегите.*

*Стручните квалитети на проф. Цветковиќ познати се ширум нашата Република. Тие се синтеза на големо теоретско познавање, прецизна дијагностика, префинета рутинска техника и професионален етички приод кон пациентите. Овие критериуми таа ги бараше да ги апсолвираат помладите колеги. Токму затоа, не е мал бројот на завршени стоматолози или специјалисти по болести на устата, забите и пародонтот кои со нескриени симпатии и понос зборуваат: ..."јас бев во групата на д-р Цветковиќ"..., или :.."мој ментор беше проф. Цветковиќ". Со таквите искажувања тие несомнено сакаат да покажат дека доста научиле, бидејќи имале од кого да научат.*

*Сега, проф. д-р Нада Цветковиќ не е активен член на нашиот колектив. Но придонесот кој таа го даде во втемелувањето на Стоматолошкиот факултет, неговиот развој и неговата афирмација, секогаш ќе биде присутен во нашите сеќавања. Затоа, во името на студентите, вработените на Стоматолошките клиники, членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот и, си земам слобода, во името на стоматолозите од Македонија, едноставно, но емотивно и од срце, ја искажувам нашата благодарност и нашите искрени желби, во мир и добро здравје да помине многу пензионерски години.*

**Проф. д-р Благородна Лазаревска**

## ДОКТОРИРАА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1991 ГОДИНА

- Д-р Евдокија ЈАНКУЛОВСКА: Цвакален ефект кај индивидуи со тотални протези (24. 06. 1991), област: стоматолошка протетика, ментор: проф. д-р Игнат Богдановски
- Д-р Мирослава СТЕВАНОВИЌ: Аспекти на реакции на пулпо-дентинскиот орган при некомплицирани кариозни лезии и процена на нивната реверзибилност (11. 11. 1991), област: дентална патологија и терапија, ментор: проф. д-р Љупчо Гроздев

## МАГИСТРИРАА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1991 ГОДИНА.

- Д-р **Мирјана ПОПОВСКА СПАСОВСКА:** Lichen planus: клинички манифестации и неговата имуногенетска асоцираност со антигените на ХЛА системот (12. 06. 1991), област: орална патологија со пародонтологија, ментор: проф. д-р Вангел Димитровски
- Д-р **Оливера ПЕТРОВА:** Потреба и оправданост од одржувачи на простор при прерана едентација на млечни заби (27. 11. 1991), област: детска и превентивна стоматологија, ментор: проф. д-р Љубинка Нечева
- Д-р **Јадранка БУНДЕВСКА:** Местоположба на првите горни молари: рендгенкраниометриска анализа, област: стоматолошка протетика, ментор: проф. д-р Марко Филјански
- Д-р **Златко ГЕОРГИЕВ:** Патохистолошки промени во пулпата на млечните заби во фаза на ресорпција (4. 03. 1991), област: детска и превентивна стоматологија, ментор: проф. д-р Љубинка Нечева

## СТОМАТОЛОЗИ КОИ СЕ ЗДОБИЛЕ СО ЗВАЊЕТО СПЕЦИЈАЛИСТ ВО 1991 ГОДИНА

*ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА*

- Д-р Милка ТРАЈКОВСКА, Скопје, 9. 01. 1991
- Д-р Милка ДИМИТРОВА, Скопје, 27. 06. 1991

*ОРТОДОНЦИЈА*

- Д-р Таше КОЧОВСКИ, Ресен, 26. 04. 1991

*БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ*

- Д-р Душан ХРИСТОВ, Битола, 19. 02. 1991
- Д-р Снежана ХАЏИПОПОВСКА, Битола, 26. 02. 1991
- Д-р Ружа ЛАЗАРЕВСКА, Битола, 19. 02. 1991
- Д-р Снежана САЗДОВА, Кавадарци, 28. 03. 1991
- Д-р Лилјана Келеман, Скопје, 20. 12. 1991

*БОЛЕСТИ НА УСТАТА И ПАРОДОНТОТ*

- Д-р Бранислава ГИНОВСКА, Охрид, 11, 03, 1991

*ОРАЛНА ХИРУРГИЈА*

- Д-р Александра Стојановска, Титов Велес, 19. 11. 1991
- Д-р Веселин Петковски, Прилеп, 8. 05. 1991

*СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА*

- Д-р Угрин СИНЦИРОВСКИ, Тетово, 27. 04. 1991
- Д-р Бранко ЈОВАНОВСКИ, Скопје, 14. 01. 1991
- Д-р Владимир СИМЕОНОВСКИ, Скопје, 13. 11. 1991
- Д-р Димитар АРСОВ, Кратово, 24. 12. 1991
- Д-р Атанас БОБЕВСКИ, Титов Велес, 20. 11. 1991
- Д-р Костадин ТАНЕВ, Гевгелија, 17. 12. 1991

*ОПШТА СТОМАТОЛОГИЈА*

- Д-р Лидија РАДОЈЕВИЌ, Скопје, 20. 02. 1991
- Д-р Ратко АРСОВСКИ, Куманово, 28. 02. 1991
- Д-р Маре ВОЛКАНОВСКА, Кавадарци, 27. 03. 1991
- Д-р Љубомир КРСТАНОВСКИ, Демир Хисар, 9. 04. 1991
- Д-р Василка МИЛЕНКОВА, Штип, 12. 04. 1991
- Д-р Томислав ЈУРУКОВ, Битола, 25. 04. 1991
- Д-р Ѓорѓи МИЛЕВ, Струмица, 8. 07. 1991

## ДИПЛОМИРАЛЕ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО 1991 ГОДИНА

БАЈРАМАЛИ Имберија, с.Г Речица, 4. 01. 1991; ЈОВАНОВСКА Благое Љупка, Штип, 16. 01. 1991; МЛАДЕНОВСКА Васил Катерина, Куманово, 25. 01. 1991; ГЕТОВ орѓи Константин, Гевгелија, 25. 01. 1991; ЧУТАНОСКА Милан Емилија, Прилеп, 25. 01. 1991; ЌОРНАКОВ Никола Кирил, Скопје, 25. 01. 1991; БУНЕСКА Станко Лилјана, Прилеп, 28. 01. 1991; МЕМЕДОВСКИ Риза Енвер, Титов Велес, 29. 01. 1991; АБДАЛАХ Махмуд Мохамед, Јордан, 30. 01. 1991; ЈОВАНОВСКИ Трајко Сашо, Кавадарци, 30. 01. 1991; ЈОВАНОВА Бранислав Дијана, Скопје, 31. 01. 1991; БАРУТОВСКА Иван Бети, Скопје, 31. 01. 1991; БРЕЗОВСКА Марко Билјана, Скопје, 31. 01. 1991; АНЕЛКОВСКА Александар Татјана, Скопје, 01. 02. 1991; КУНОВСКА Иван Татјана, Битола, 07. 02. 1991; РИСТЕВСКА Александар Лилјана, Битола, 07. 02. 1991 МАРКОВСКА Благоја Татјана, Скопје, 15. 02.1991; МИТЕВ Александар Миле, Струмица, 18. 02. 1991; БОЈКОВСКА Лука Светлана, Скопје, 21. 02. 1991; КАФТАНЏИЕВА Димитар Сања, Скопје, 25. 02. 1991; КАРАПЕЕВ Димитар Венци, Гевгелија, 26. 02. 1991; АЏИОСКА Иван Оливера, Прилеп, 27.02. 1991; ЦРВЕНКОВСКА Цветан Билјана, Скопје, 15. 02. 1991; КОСТОВА Петар Ана, Скопје, 28. 02. 1991; БЕГОВИЌ Никола Анета, Скопје, 04. 03. 1991; СИМОСКА Пано Маре, Тетово, 21. 02. 1991; КАРАЛИОСКА Цветан Валентина, Скопје, 22. 02. 1991; ПЕЈОВСКА Петре Василка, Скопје, 18. 03. 1991; АЛИУ Насир Таип, с.Мало Турчане, 22. 03. 1991; ГАШТАРОВСКИ Васил Јане, Чирчик, 22. 03. 1991; ЗАФИРОВСКИ Јанко Орце, Скопје, 25. 03. 1991; КОЦЕВСКА Илија Снежана, Куманово, 27. 03. 1991; ПРЦУЛОВСКА Никола Лујза, Ресен, 29. 03. 1991; ИДРИЗОВИЌ Рашит Изет, с.Житоша, 29. 03. 1991; АЛ МАХМОД АЛИ АЛ АБДАЛЛА ЗУХЕИР, Јордан, 01. 04. 1991; МИЛЕВ Костадин Сашо, Штип, 01. 04. 1991; ПАРЛИЌ Милош Лорета, Скопје, 01 04. 1991; БОГОЈОВСКА Илија Славица, Битола, 01. 04. 1991; ЈОЛАКОСКА Петар Сузана, Охрид, 03. 04. 1991; ФАТХАЛА Исмаил Хусеин, Судан, 01. 04. 1991; АБАЗИ Шабан Феркат, Тетово, 19. 04. 1991; ТРАЈЧЕВСКА Драги Валентина, Виница, 22. 04. 1991; БАЈРАКТАРОВ Александар Марјан, Скопје, 26. 04. 1991; КУЗМАНОВСКИ Јован Митко, Струмица, 26. 04. 1991; СИНАДИНОВА Александар Даниела, Скопје, 26. 04. 1991; ТАСЕВСКА Атанас Ана, Охрид, 26. 04. 1991; БОЖИНОВА Ристо Кристина, Титов Велес, 29. 04. 1991; КРАЉЕВСКИ Александар Зоран, Куманово,23. 05. 1991; АПОСТОЛОВА Кирил Оливера, Кочани, 24. 05. 1991 МУСТАФОВА Феру Назире, Струмица, 31. 05. 1991; ХАЏИ АНДОВА Александар Тања, Штип, 31. 05. 1991 ДИМИТРИЕВСКА Томислав Виолета, Битола, 31. 05. 1991 ГЕОРГИЕВСКИ Драги Александар, Скопје, 03. 06. 1991; КРСТЕВСКА Воислав Весна, Скопје,03. 06. 1991; МУЈОВИЌ ЈАКОВЉЕВИЌ Мујо Хамијета, Сјеница, 04. 06. 1991; ТРАЈКОВА Иван Мара,Струмица 04. 06. 1991; АНЕЛОВСКИ Станојко Стојан, с.Коноплница, 04.06.1991; КОНЕВА ене Емилија, Св.Николе, 17. 06. 1991; ДАШТЕВСКИ Бранислав Благоја,Скопје, 24. 06. 1991; КОВАЧЕВИЌ Јусуф Екрем, Кочани,26. 06. 1991; 26. 06. 1991; КУЗМАНОВА Иван Викторија, Битола, 26. 06. 1991; ТАШКОВСКА Светозар Анета, Скопје, 01. 07. 1991; СТАНОЕСКА Ристо Гордана, с.Орман, 02. 07. 1991; ПЕТРЕСКА Борис Бети, Титов Велес, 11. 07. 1991 КОЛЕВА Илија Божана, Кавадарци, 20. 09. 1991; НУРЕДИНИ Шефки Нешвет, с.Голема Речица, 24. 09. 1991; ЦВЕТКОВ Борислав Тодор, Титов Велес, 27. 09. 1991;СИМОСКА Драги Снежана, Тетово, 30. 09. 1991; ТРАЈКОВИЌ Томе Наташа, Струмица, 30. 09. 1991; АЛЕКСОВА Ранко Лидија, Крива Паланка, 03. 10. 1991; ФИЛИПОВСКИ Томислав Владимир, Скопје, 23. 10. 1991; АНЕЛИЌ - КРСТЕВСКА Бранислав Дубравка, Скопје, 25. 10. 1991; ЦРВЕНКОВСКА Борис Елизабета, Тетово, 29. 10. 1991; ОРИОВСКИ Љубомир Велко, Скопје, 28. 10. 1991; ПОСТОЛОВСКА Трајко Лилјана, Охрид, 04. 10. 1991; КУЗМАНОВСКИ Трајко Ацо, с.Ореше, 31. 10. 1991; АЦЕСКИ Ацо Роберто, Прилеп,11. 11. 1991; НИКОЛОВСКА Блажо Славица, с.Драмче, 25. 11. 1991; НАУМОВСКА Владо Снежана, Скопје, 23. 12. 1991; АЛ-РЈОУБ Радван Салем, Јордан, 24. 12. 1991; ЛЕКОВСКА Радован Лидушка, Крива Паланка, 27. 12. 1991; ВЕСЕЛИНОСКИ Божидар Стефко, с. Требовље, 27. 12. 1991; ОРИЕВ Стојан Бранко, Виница, 27. 12. 1991; ФЛОРИН Весел Муслиу, Тетово, 27. 12. 1991; МОХАМЕД ИБРАХИМ Мохамед Амер, Јордан, 27. 12. 1991; ИГНАТОВСКИ Милош орѓи, Титов Велес, 3о. 12. 1991 АТАНАСОВСКА Димитар Фросина, Куманово, 30. 12. 1991; СТОШИЌ Драгољуб Ирма, Врање, 30. 12. 1991; МИТРОВ Иван Ињо с Вељуса, 30. 12. 1991.